T: 1300 88 55 61
INTL: +61 3 95 10 96 61
translations@polaron.com.au
polaron.com.au
Suite 301/22-26 St Kilda Road,
St Kilda, VIC 3182, Australia

| ENGLISH | Macedonian/Македонски |
|---|---|
| **Background** | **Позадина** |
| Victoria is the first state in Australia to pass voluntary assisted dying laws. The ***Voluntary Assisted Dying Act (2017)*** provides a safe legal framework for people who are suffering and dying to choose the manner and timing of their death. | Викторија е првата држава во Австралија што ги усвои законите за доброволно помогнато умирање. На луѓето кои страдаат и умираат ***The Voluntary Assisted Dying Act 2017 (Законот за доброволно помогнато умирање од 2017 година)*** им дава безбедна правна рамка за да го изберат начинот и времето на нивната смрт. |
| With comprehensive safeguards and rigorous protections, the process for accessing voluntary assisted dying in Victoria will be the safest and most conservative in the world. | Со сеопфатни и строги заштитни мерки, процесот за достапност на доброволното помогнато умирање, ќе биде најбезбеден и најконзервативен во светот. |
| **What is voluntary assisted dying?** | **Што е доброволно помогнато умирање?** |
| Voluntary assisted dying means administering a substance for the purpose of causing death in accordance with the steps and process set out in law. | Доброволно помогнато умирање значи давање некоја супстанца со цел да се предизвика смрт, во согласност со чекорите и процесот одредени со закон. |
| Voluntary assisted dying must be voluntary and initiated by the person themselves, and it will usually be self-administered. Only those who are already dying from an incurable, advanced and progressive disease, illness or | Доброволното помогнато умирање мора да биде доброволно и на иницијатива на самото лице, и обично направено од истото тоа лице. Доброволното помогнато умирање ќе им биде достапно |

| | |
|---|---|
| medical condition will be able to access voluntary assisted dying. | само на тие кои веќе умираат од неизлечива болест, заболување или медицинска состојба што е во одмината фаза и се влошува. |
| Voluntary assisted dying is only for those who face an inevitable, imminent death as a result of an incurable disease, illness or medical condition. | Доброволното помогнато умирање е само за тие што се соочуваат со неизбежна и скорешна смрт како резултат на неизлечива болест, заболување или медицинска состојба. |
| **Why is there a law?** | **Зошто постои законот?** |
| Voluntary assisted dying is a process where an eligible individual (and only that individual) who is at the end of their life, and suffering, may choose the manner and timing of their death, after following steps set out in Victorian law. | Доброволното помогнато умирање е процес со кој поединецот кој ги исполнува условите (и само тој поединец) и кој е при крај на животот и страда, може да го избере начинот и времето на неговата/нејзината смрт, откако ќе ги следи чекорите одредени со викторискиот закон. |
| The law means that a person may be assisted by medical practitioners to access a substance to use to end their life at a time of their choosing. The process ensures the person's decision is voluntary and enduring and provides clear guidance for how medical practitioners can lawfully support the person in this choice. | Законот значи дека медицинско лице може да му помогне на болниот да дојде до супстанца што ќе ја употреби за да си го одземе животот во време што самиот ќе го избере. Процесот обезбедува одлуката на болниот да е доброволна и трајна, и дава јасно упатство како медицинските лица можат легално да го поддржат изборот на болниот. |
| The law also provides a range of protections to make sure that voluntary assisted dying is safely implemented and monitored in Victoria. | Законот исто така одредува низа заштитни мерки за да се осигура дека во Викторија доброволното помогнато |

T: 1300 88 55 61
INTL: +61 3 95 10 96 61
translations@polaron.com.au
polaron.com.au
Suite 301/22-26 St Kilda Road,
St Kilda, VIC 3182, Australia

| | |
|---|---|
| | умирање се применува безбедно и се надгледува. |
| **Who is able to access voluntary assisted dying?** | **Кому му е достапно доброволното помогнато умирање?** |
| Voluntary assisted dying is only for people who are suffering from an incurable, advanced and progressive disease, illness or medical condition, who are experiencing intolerable suffering. The condition must be assessed by two medical practitioners to be expected to cause death within six months. | Доброволното помогнато умирање е само за луѓето кои страдаат од неизлечива болест, заболување или медицинска состојба што е во одмината фаза и се влошува, и кои се соочени со неиздржливи страдања. За состојбата две медицински лица мора да дадат проценка дека се очекува таа да предизвика смрт во рок од шест месеци. |
| There is an exception for a person suffering from a neurodegenerative condition, where instead the condition must be expected to cause death within 12 months. | Постои исклучок за лицата кои страдаат од некоја невродегенеративна состојба, каде условот е да се очекува состојбата да предизвика смрт во рок од 12 месеци. |
| Voluntary assisted dying will only be available to Victorians who are over the age of 18 who have lived in Victoria for at least 12 months, and who have decision-making capacity. To be eligible for voluntary assisted dying they must be experiencing suffering that cannot be relieved in a manner the person considers tolerable. | Доброволното помогнато умирање ќе биде достапно само за жителите на Викторија постари од 18 години, кои во Викторија живееле најмалку 12 месеци и кои се способни да донесуваат одлуки. За да имаат право на доброволно помогнато умирање, тие мора да доживуваат страдање што не може да биде намалено на начин што лицето го смета за поднослив. |
| Mental illness or disability alone are not grounds for access to voluntary assisted dying, but people who meet all other criteria, | Менталната болест или попреченоста сами по себе не се основа за достапност на |

| | |
|---|---|
| and who have a disability or mental illness, will not be denied access to voluntary assisted dying. | доброволното помогнато умирање, но на луѓето кои ги исполнуваат сите други услови, а имаат попреченост или ментална болест, нема да им биде одбиен пристапот на доброволно помогнато умирање. |
| **How will voluntary assisted dying work?** | **Како ќе функционира доброволното помогнато умирање?** |
| Only the person wanting to access voluntary assisted dying may initiate discussions with health practitioners about voluntary assisted dying. | Само лицето кое сака да му е на располагање доброволно помогнато умирање може да покрене разговори со медицински лица за доброволното помогнато умирање. |
| A family member or carer can't request voluntary assisted dying on somebody else's behalf. This is to ensure that the request is completely voluntary and without coercion, and that the decision is the person's own. | Роднина или негувател не може да побара доброволно помогнато умирање во име на некој друг. Така е за да се обезбеди дека барањето е целосно доброволно и без присила, и дека одлуката е само на тоа лице. |
| If a person wants to request access to voluntary assisted dying, they will need to be assessed by a suitably qualified doctor who will determine if the person is eligible. If the person is eligible, the process is repeated with a second doctor who will need to conduct another assessment. The doctors will make sure the person is making a fully informed decision and is aware of the available palliative care options. | Ако некој сака да побара пристап кон доброволно помогнато умирање, за него или неа треба да даде процена соодветно квалификуван доктор кој ќе одреди дали лицето ги исполнува условите. Ако лицето ги исполнува условите, друг доктор ќе треба да направи втора процена. Докторите ќе проверат дали лицето ја донело одлуката врз основа на целосни информации и дали знае за |

| | |
|---|---|
| | достапните опции на палијативна нега. |
| If the person wishes to proceed, they will need to make a written declaration that is witnessed by two independent individuals, confirming that they are making an informed, voluntary and enduring decision to access voluntary assisted dying. | Ако лицето сака постапката да продолжи, тоа треба да даде писмена изјава за која сведоци ќе бидат две независни лица, потврдувајќи дека прави информирана, доброволна и трајна одлука да има пристап на доброволно помогнато умирање. |
| On receiving a final request, the doctor will apply for a permit to prescribe a substance that the person may use to end their life at a time of their choosing. The person must administer the substance themselves, unless they are physically unable to do so, in which case their doctor may assist. | По добивање на конечното барање, докторот ќе поднесе барање за дозвола да препише супстанца што лицето може да ја употреби за да си го прекрати животот во време по негов избор. Лицето мора самото да си ја даде супстанцата, освен ако не е физичко способно да го направи тоа, во кој случај неговиот доктор може да му помогне. |
| No health practitioner or healthcare provider will be obliged to participate in voluntary assisted dying. | Ниедно здравствено лице или давател на здравствени услуги ќе нема обврска да учествува во доброволно помогнато умирање. |
| **Are there safeguards?** | **Има ли заштитни мерки?** |
| The process set out in the law includes many steps and safeguards to make sure that people are not being pressured to participate in the voluntary assisted dying process, and that it is completely voluntary. | Во процесот одреден со законот се вклучени многу чекори и заштитни мерки за да се обезбеди дека луѓето не се присилени да учествуваат во процесот на доброволно помогнато умирање и дека е тоа сосема доброволно. |

T: 1300 88 55 61
INTL: +61 3 95 10 96 61
translations@polaron.com.au
polaron.com.au
Suite 301/22-26 St Kilda Road,
St Kilda, VIC 3182, Australia

| | |
|---|---|
| The Voluntary Assisted Dying Review Board will monitor all activity under the law and will receive reports from all health practitioners who participate. The Board will make sure that the Act is being complied with and will also monitor substance permit applications. | The Voluntary Assisted Dying Review Board (Советот за надгледување на доброволното помогнато умирање) ќе ги надгледува сите законски активности и ќе добива извештаи од сите здравствени лица кои учествуваат. Советот ќе проверува дали Законот се почитува и исто така ќе ги надгледува барањата за дозволи за издавање на супстанцата. |
| A person who is prescribed a voluntary assisted dying substance will also appoint a contact person so that any unused substance will be safely returned. | Лицето на кое му е препишана супстанца за доброволно помогнато умирање исто така ќе одреди лице за контакт, за неупотребената супстанца да биде безбедно вратена, |
| **When will voluntary assisted dying be available in Victoria?** | **Кога доброволното помогнато умирање ќе биде на располагање во Викторија?** |
| The law comes into effect on 19 June 2019. After this date, people who meet the set of strict eligibility criteria will be able to request access to voluntary assisted dying. All people at the end of life will be supported to receive access to appropriate end of life care options. | Законот стапува во сила на 19 јуни 2019 година. По тој датум, луѓето кои ги исполнуваат стриктните услови, ќе можат да побараат пристап кон доброволното помогнато умирање. На сите луѓе чие животи се при крај ќе им биде помогнато да добијат пристап до соодветни опции за крај на животот. |
| The Victorian Government is currently working to help health practitioners and health services prepare for providing voluntary assisted dying, including how to support those that choose to participate as well as those who conscientiously object. | Викториската влада сега им помага на здравствените лица и здравствените служби да се подготват за укажување на доброволно помогнато умирање, вклучувајќи како да |

| | |
|---|---|
| | им се даде поддршка на тие кои избрале да учествуваат, како и на тие кои одбиваат врз основа на приговор на совеста. |
| **Support services** | **Услуги за поддршка** |
| Some people may find issues relating to end of life care upsetting. If reading the material on this site or thinking about end of life care has raised some issues regarding grief and bereavement or personal crisis, the helplines below provide telephone support and counselling 24 hours a day, 7 days a week. Some services may also provide online assistance (depending on the service). | Некои луѓе може да ги вознемират прашања поврзани со крајот на животот. Ако читањето на материјалот на оваа интернет страница или размислувањето за крајот на животот во поглед на тагата и оплакувањето предизвикало проблеми, линиите на за помош наведени во продолжение нудат поддршка и совети по телефон 24 часа дневно, 7 дена во неделата. Некои служби исто така може да нудат помош по интернет (зависно од службата). |
| Australian Centre for Grief and Bereavement Tel. 1800 642 066 | Australian Centre for Grief and Bereavement (Австралиски центар за тага и оплакување) Телефон 1800 642 066 |
| Lifeline Tel. 13 11 14 | Lifeline (Животна линија) Телефон 13 11 14 |